359

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
— Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 15 MAY 2026 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 359/11 | | |

# Конечно мислење за учебникот по Биологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 012

**Сумарна оценка: 4.0**

Рецензентската комисија во состав Проф. Д-р Валентина Славевска Стаменковиќ, Проф Д-р. Шеваљ Ф. Мемиши и М-р Нетка Димоска - наставник по биологија во средно училиште е на мислење дека учебникот по Биологија за II (втора) година од гимназиско образование со шифра 012 **сосема ги задоволува барањата** во однос на сите подрачја, односно стандарди за вреднување на учебници и го оценува со највисока оценка 4. Комисијата предлага учебникот да ја продолжи процедурата до крајно издавање и го препорачува за користење во наставата по предметот биологија за 2 година од гимназиско образование.

**Позитивни страни на учебникот:**

- Учебникот по Биологија за II (втора) година од гимназиско образование со шифра 012 е во согласност со наставната програма по биологија за 2 година од гимназиско образование од гледна точка на општи и конкретни цели, опфатеност на предвидените содржини, поими и методски и дидактички насоки за реализација на наставната програма. Учебникот ги содржи сите теми и модуларни единици предвидени по наставната програма. Сите понудени активности се во функција на целите предвидени со наставната програма и ученикот може да ги постигне поставените стандарди во наставната програма.
- Учебникот се придржува кон современите достигања на биологијата, користи научни факти и употребува стручна терминологија која е разбирлива за учениците.
- Учебникот вклучува јасни и разбирливи текстови со објаснувања на поимите, прашања и задачи, илустрации кои се во функција на текстот, дополнителни информации за проширување на знаењето и ја следи методологијата за изучување на биологијата за систематизирано разработување и усвојување на поимите како и учење базирано на откривање - од поедноставно кон посложено, кон продлабочување и проширување на знаењата. Понудените активности за учениците се логично поврзани со содржините и јасно се формулирани. Сите лекции содржат активности со различно ниво на сложеност кои поттикнуваат на примена на знаењето или критичко мислење. На крајот на секоја лекција се дадени прашања за проверка на знаењата.На крајот на секоја тема се дадени прашања за проверка на знаењата од темата.
- Јазикот и стилот на учебникот се усогласени со возраста на учениците и истовремено се користи стандарден литературен јазик.
- Учебникот има воспитна функција, го поттикнува позитивниот однос кон науката и знаењето, мултикултурноста и родовата еднаквост.

По проверка на коригираниот ракопис за учебникот по Биологија за II (втора) година од гимназиско образование со шифра 012, Комисијата констатира дека авторите целосно постапиле по забелешките, со што процедурата на учебникот може да продолжи до негово крајно издавање.

Датум: 15.05.2026г.

Членови на рецензентска комисија

Проф. Д-р. Валентина Славевска Стаменковиќ ____________________

Проф. Д-р. Шеваљ Мемиши ____________________

М-р. Нетка Димоска ____________________